# Оперативен план и насоки за спроведување на мерки за самовработување во Општина Кичево

Во Програмата за поддршка на ЛЕР во Општина Кичево за 2024 година утврдени се мерки и активности кои ќе придонесат кон реализација на стратешката цел на општината за Создавање конкурентна економија во приватниот бизнис, поддршка на развојот на МСП и претприемништвото. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото е предвидено да се реализира преку спроведување на неколку мерки и активности кои ќе се спроведуваат врз основа на овој Оперативен план.

Со Програмата за поддршка на ЛЕР во Општина Кичево опфатени се следните мерки:

1. Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината.
2. Субвенционирање за ново работно место

*Цел*

Општина Кичево има за цел да даде поддршка на невработените лица и постојните фирми во општината за започнување на сопствен бизнис и реализација на своите бизнис идеи, како и зголемување на опсегот на работа и вработување на невработени лица, со што ќе се овозможи отворање на нови работни места и намалување на степенот на невработеност на територијата на општината.

*Целни групи*

Со мерките за самовработување ќе бидат опфатени исклучиво евидентирани невработени лица кои се регистрирани како активни баратели на работа во Центарот за вработување – Кичево. Дополнително, со мерката за субвенционирање на нови вработувања во постоечки фирми, ќе бидат опфатени компаниите кои делуваат исклучиво на територијата на општина Кичево.

*Активности и мерки за поддршка на самовработување*

Процесот на имплементација на Оперативниот план ќе го спроведува Општина Кичево. Со цел оптимално искористување на средствата и поголема ефективност на вложените средства, мерките ќе се реализираат врз основа на конкурентност на бизнис идеи. Процесот на селекција на поднесените апликации од страна на кандидатите и фирмите, ќе се одвива во неколку фази (квартално во текот на годината) врз основа на принципот на транспарентност и конкурентност, при што ќе бидат поддржани најдобрите и одржливи бизнис идеи и планови, по принцип прв дојден – прв услужен, се до искористување на предвидените средства од Програмата.

За **Мерка 1.** Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината че финансират вкупно 15 бизнис идеи

За **Мерка 2.** Субвенционирање за ново работно место ќе се финасират вкупно 15 нови вработувања

Мерките за самовработување по двата основи ќе се реализираат до крајот на 2024 година, се до целосно искористување на предвидените финансиски средства во износ од 5.100.000,00 денари.

**Мерка 1. Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината**

Процесот ќе се спроведе во неколку фази кои опфаќаат:

**1. Формирање комисија за селекција на кандидати**

Селекцијата на пријавените кандидати ќе се спроведува 30 дена по завршување на јавниот повик, Општина Кичево ќе формира Комисија за селекција на кандидати, составена од претставници од Општината. Комисијата ќе прима апликации, ќе одговара на прашања на заинтересаните странки, после завршување на јавниот повик ќе ги разгледа поднесените апликации и да ги селектира кандидатите со кои ќе се потпише Договор. Евалуацијата на кандидатите ќе се врши според одредена методологија која ќе се базира на квалитетот на бизнис идеите и исполнување на зададените критериуми и личните способности и вештини на кандидатите.

**2. Јавен оглас, аплицирање, евалуација на апликации и селекција на кандидати**

Општина Кичево ќе објави Јавен оглас за прием на апликации на огласна табла на Општината, на веб страната на општината (www.kicevo.gov.mk), на локалните медиуми, како и на други соодветни места во подрачните институции.

Кандидатите ќе можат да ги достават своите апликации во архивата на Општина Кичево секој работен ден од 10 до 15 часот.

По разгледување на апликациите од страна на Комисијата за селекција на кандидати, секој подносител на апликација ќе добие писмено известување за статусот на неговата апликација и понатамошните чекори.

Кандидатите имаат право да поднесат приговор до општината во рок од 5 работни дена сметано од денот на прием на известувањето. Сите навремено поднесени приговори ќе бидат рагледани од Комисија за разгледување на приговори и во рок од 7 работни дена сметано од денот на прием на приговорот, ги известува кандидатите за одлуката и донесените заклучоци.

**3.Изработка на бизнис планови, регистрација на фирми, самовработување, потпишување на договори**

- За кандидатите чија апликација е прифатена, предвидени се финансиски средствата кои ќе се искористат за изработка на бизнис план со кој јасно и прецизно ќе се определи спецификацијата, обемот на активности. Бизнис планот треба да содржи и мислење за бизнис идејата и можностите за нејзина реализација. Бизнис планот ќе биде изработен во тесна

соработка помеѓу кандидатот и изработувачот на планот. Подготвениот бизнис план се доставува на разгледување до Комисијата за селекција на кандидати, која одлучува за доделување на грантот.
- По извршената проверка на бизнис планот и констатирање на можностите за реализација на бизнис идејата, се потпишува договор за самовработување и се упатува да изврши регистрација на правен субјект.
- По регистрацијата на правниот субјект, кандидатот го пријавува работниот однос, по што писмено го известува Опшштина Кичево
- После завршување на наведените активности Општина Кичево донесува решение за исплата на средства.
- барателот не треба да има добиено средствово во исто време за вработување од други институции, во спротивно барањето ке се одбива.

**4. Потребни документи за аплицирање**
- формулар за аплицирање
- бизнис план
- потврда дека не е вработен
-

Во врска со мерка 1, кандидатите кои ќе ги исполнат зададените критериуми во Оперативниот план и насоки, ќе ги имаат следните права и обрски:
- да регистрираат правен субјект во Централен регистар на РМ,
- да се самовработат
- да добијат финансиска поддршка за изработка на бизнис план
- да користат грант во максимален износ од 240.000,00 денари и ослободување од обврска за плаќање комунална такса (фирмарина).
- да овозможат услови за непречено следење на работата на правниот субјект за времетраење на договорот

Доколку селектираните корисници на грант кои потпишале договор со општината, не ги почитуваат преземените обврски во Договорот, ќе бидат применети предвидените санкции во случај на неисполнување на обврските:
- во случај на престанување со вршење на дејност на правниот субјект пред истекот на две години од датумот на регистрирање на бизнисот, освен во случај на смрт или трајна неспособност, лицето кое ја основало фирмата има обврска, во рок од 12 месеци да врати:

- 80% од искористените финансиските средства од Програмата, доколку престане со вршење на дејност пред истекот на првата година од започнување на бизнисот

- 60% од искористените финансиските средства од Програмата, доколку престане со вршење на дејност пред истекот на втората година од започнување на бизнисот

- Доколку по истекот на било кои 6 () последователни месеци од регистрација на бизнисот во текот на 2 (две) години од регистрирањето на бизнисот нема реализирано финансиски трансакции (т.е. исплатена бруто плата) преку Управата за јавни приходи, Општина Кичево испраќа писмо за опомена за неактивност на фирмата. Доколку по истекот на 2 (два) месеци од денот на доставување на опомената лицето корисник на грантот продолжи со нереализирање на финансиски трансакции во Управата за јавни приходи, Општина Кичево ќе започне постапка за враќање на искористените средства од програмата

**Мерка 2. Субвенционирање за ново работно место**

Процесот ќе се спроведе во неколку фази кои опфаќаат:

1. **Формирање комисија за селекција на кандидати**

Селекцијата на пријавените кандидати ќе се спроведува 30 дена по завршување на јавниот повик, Општина Кичево ќе формира Комисија за селекција на кандидати, составена од претставници од Општината. Комисијата ќе прима апликации, ќе одговара на прашања на заинтересаните странки, после завршување на јавниот повик ќе ги разгледа поднесените апликации и да ги селектира кандидатите со кои ќе се потпише Договор. Евалуацијата на фирмите ќе се врши според одредена методологија која ќе се базира на квалитетот и долгорочноста на бизнисот, начинот на менаџирање на компанијата и исполнување на зададените критериуми.

**2. Јавен оглас, аплицирање, евалуација на апликации и селекција на комапнии**

Општина Кичево ќе објави Јавен оглас за прием на апликации на огласна табла на Општината, на веб страната на општината (www.kicevo.gov.mk), на локалните медиуми, како и на други соодветни места во подрчните институции.

Компаниите ќе можат да ги достават своите апликации во архивата на Општина Кичево секој работен ден од 10 до 15 часот.

По разгледување на апликациите од страна на Комисијата за селекција на компаниите, секоја компанија подносител на апликација ќе добие писмено известување за статусот на неговата апликација и понатамошните чекори.

Компаниите имаат право да поднесат приговор до општината во рок од 5 работни дена сметано од денот на прием на известувањето. Сите навремено поднесени приговори ќе бидат рагледани од Комисија за разгледување на приговори и во рок од 7 работни дена сметано од денот на прием на приговорот, ги известува кандидатите за одлуката и донесените заклучоци.

По извршениот избор на команијата за добивање средства за субвенции за дополнително отворено работно место, следува потпишување Договор со Општина Кичево за доделување на неповратни средства и тоа:

-Договор за дополнително вработување (Работодавачот не треба да има намалување на бројот на вработени по објавување на Јавниот оглас, освен во случај на пензионирање или смрт; да нема неисплатени плати, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци повеќе од два последователни месеци што се докажува со потврда издадена од УЈП).

**3. Дополнително вработување, потпишување на договор**

- На работодавачот кој ќе обезбеди дополнително вработување, програмата му нуди поволност во форма на субвенционирање на Придонеси во висина на минимална плата во РСМ, за работно место во тек на дванаесет месеци. Работодавачот ќе потпише договор за користење на неповратни средства за дополнително вработување со Општина Кичево. Фирмата треба да го реализира дополнителното вработување и склучи договор за

дополнително вработување во рок од 15 дена по потпишување на договорот за неповратни средства.
- за лицето/та кој се вработува потребно ќе биде да се доставува потврда од агенција за вработување дека во последните 3 месеци не бил вработен во фирмата, заклучно со денот на објавата на јавниот повик.
- една фирма може да вработува максимално до 5 невработени лица

Во врска со мерка 2, кандидатите кои ќе ги исполнат зададените критериуми во Оперативниот план и насоки, ќе ги имаат следните права и обрски:

- да користат субвенции на плата (исплата на придонеси на минимална плата, од задолжително осигурување) за дополнително вработување на едно или повеќе лица за период од 12 месеци, со обврска лицето да продолжи да работи најмалку уште 12 месеци по завршување на субвенционирањето
- Правниот субјект кој ќе вработи дополнително лице и ќе биде корисник на мерката за субвенционирано работно место, има обврска да го задржи лицето на работа најмалку уште 12 месеци по завршување на субвенционирањето или на негово место да вработи друго невработено лице. Во спротивно работодавачот ќе треба да ги врати искористените средства во целост, во рок од 9 месеци.
- Правниот субјект го прима финансиската субвенција за новото вработување/ња после доставување на декларација од УЈП, извод од банка, рекапитулар за докажување за исплата на плата.

**4. потребни документи за аплицирање**

- формулар за аплицирање
- тековна состојба
- потврда за бројот вработени (од агенција за вработување)

ОПШТИНА КИЧЕВО

____________________________________